Социјални компетенции
и фундаментални права
за спречување на булинг

# safer

ВЕСНИК - ИЗДАНИЕ Бр.1 - ЈУЛИ, 2021

# THE SAFER PROJECT

**Број на проектот: 621528-EPP-1-2020-1-IT-EPPKA3-IPI-SOC-IN**



**ВО ОВА ИЗДАНИЕ:**

1 **SAFER на прв поглед**

2 **ПРОГРЕС на проектот**

3 **Запознајте се со конзорциумот на SAFER**

safer

Кофинансиран од
Ерасмус+ програмата
на Европската Унија

# safer на прв поглед

1

**Достапните податоци од сите земји на ЕУ покажуваат дека 32% од учениците биле малтретирани на некој начин од нивните врсници на училиште во еден или повеќе денови во изминатиот месец.**

**SAFER** - Социјални компетенции и фундаментални права за спречување на булинг е тригодишен проект финансиран од **Ерасмус+ програмата** (КА3 - Социјална инклузија и заеднички вредности: придонес во областа на образование и обука) на Европската Унија која има за цел да развие и спроведе иновативен метод за спречување на училишно насилство и булинг и за поттикнување на инклузивно образование.

Проектот SAFER започнува од пристапот «училиште” и поминува на пристапот на «училиште и заедницата” (Whole School and Community Approach WSCA), имајќи ги како целна група учениците од 8 до 14 години, наставниците и училишниот персонал, родителите и членовите на образовната заедница. Предложениот иновативен пристап интервенира во четирите различни нивоа на превенција и интервенција: **ниво на студент, ниво на одделение, ниво на училиште, ниво на училиштето во однос на заедницата каде што е училиштето и каде што учениците имаат општествени односи.**

## Пристапот на училиште и заедницата (WSCA) се заснова врз:

- **подобрување на стекнувањето на општествени и граѓански компетенции**
- **промовирање на заеднички позитивни и демократски вредности и интеркултурен дијалог, поседување на фундаменталните права, со цел да се спречи и да се справи со булингот на сеопфатен начин,**

**да им се пружи поддршка на младите луѓе кои се дома, на училиште, на час и во нивната заедница.**



safer се очекува да допре до

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7** земји | **20** училишта | **200** наставници | **500** членови на заедницата | **1000** студенти |

# РЕЗУЛТАТИ - Едукативни материјали

**Наставници и училишен персонал**

**а.** Програма за поддршка на наставниците
**б.** Сет на лекции
**в.** Водич за наставници
**г.** Алатки за поддршка

**Студенти**

**а.** Програма за поддршка на студентите
**б.** Прирачник за вежби и активности
**в.** Гласот на студентите“: училишен приватен простор на веб страната на проектот

**Родители и членови на образовните заедници**

**а.** Водич
**б.** Информативни листови со факти за WSCA анти-булинг рамката
**в.** Анто-булинг повелбата за акционен документ
**г.** Други формативни и информативни материјали




# ПРОГРЕС
## на проектот

2

На 8 април се одржа почетниот состанок на проектот SAFER кој поради КОВИД-19 пандемијата беше одржан онлајн. За време на состанокот партнерите дадоа краток опис на нивните организации, а координаторот на проектот презентираше краток преглед на проектот, следни задачи и целта на "работниот пакет 3", кој е креација и имплементација на анти-булинг рамката WCSA (пристапот на училиште и заедницата). За време на виртуелната средба, одговорностите на секој партнер беа презентирани и дискутирани.



# Запознајте се со конзорциумот на **SAFER**

Конзорциумот на SAFER го сочинуваат 8 партнери од 7 европски земји. Подолу ќе најдете краток опис за секој партнер и што SAFER проектот претставува за нивната организација.

## [1] „Фондација Халгартен Франчети студиски центар Вила Монтеска» (Fondazione Hallgarten Franchetti Centro Studi Villa Montesca (FCSVM)

„Фондација Халгартен Франчети студиски центар Вила Монтеска» игра важна улога во полето на образованието и е позната во Европа по својата историја и вокација, како одраз на карактерот на двајцата луѓе од кои е инспирирана; Барон Леополдо Франчети и неговата млада сопруга Алиса Халгартен. Фондацијата и денес ја продолжува мисијата на своите предци, преку промоција и заштита на отворено, слободно и демократско образование, како и ширење на пристапна и инклузивна култура, заедно со ажурирање на образовните практики кои мора да бидат инклузивни затоа што студентите од секакво потекло имаат право на квалитетно образование.

*Во оваа рамка, Фондацијата FCSVM, која е исто така основач на Европската анти-булинг мрежа (European Antibullying Network EAN), се грижи за секоја форма на дискриминација меѓу кои е булингот, кој се јавува во многу форми и е еден од поопасните. Фондацијата се заложува како апликант и координатор на SAFER проектот бидејќи има за цел развој и имплементација на иновативен метод за спречување на булинг, кој е фокусиран на поттикнување на инклузивно образование и за подобрување на стекнувањето на општествените компетенции и основните вредности, не само на ниво на ученици и училишта туку и на нивото на заедницата.*

## [2] Giunti Psychometrics Srl

"Giunti Psychometrics" е издавачка компанија што е дел од издавачката групација "Giunti", со седиште во Фиренца (Италија). Групацијата "Giunti" е третата најважна италијанска издавачка групација која има започнато со своите активности во 1841 година (Paggi, Bemporad, и конечно Giunti): во 1883 година ја има објавено познатата „Пинокио" од Колоди.

*"Giunti Psychometrics" има создадено и објавено тестови, книги и онлајн курсеви кои се однесуваат на темите за булинг во различни форми, за сексологија и сексуално образование и за психолози и за наставници, и публикации и курсеви за половите разлики и сексуалниот идентитет. Оваа позадина и ова специфично знаење се основа за релевантниот интерес во активностите на проектот SAFER, проект кој ќе овозможи "Giunti Psychometrics" да ги адресира со меѓународна перспектива проблемите на кои работеше долги години.*

## [3] Кипарска опсерваторија за насилство во училиштата - Педагошки институт во Кипар (The Cyprus Observatory on School Violence - C.O.S.V.)

CYPRUS PEDAGOGICAL INSTITUTE

Кипарската опсерваторија за насилство во училиштата (C.O.S.V.) функционира под покровителство на педагошки институт во Кипар, кој е официјалниот оддел на Министерството за образование и култура, спорт и млади, кое работи за професионален развој на наставници.

Главната цел на ''C.O.S.V.'' е имплементација на безбедна и пријателска училишна средина за сите членови на училишната заедница. ''C.O.S.V.'' ги поттикнува наставниците и учениците за спречување и одговарање на насилство во училиштата преку семинари за обука на наставници во службата на училишна основа и обезбедува поддршка на училиштата за изработка и спроведување на сопствените политики. Понатаму, преку покренување национални натпревари помеѓу училиштата, ги поттикнуваат, промовираат и шират „добрите практики». Конечно, соработува со сите засегнати страни вклучени во превенцијата на насилство во училиште.

*Една од двегодишните програми, која 'C.O.S.V'' ја нуди на училишна основа, е „Препознавање и справување со булинг во училиштата". "SAFER" проектот служи совршено за главната цел на "C.O.S.V.", да ги оспособи наставниците, да соработуваат со другите засегнати страни на национално и меѓународно ниво, да креираат политики и да им обезбедат на училиштата материјали за учење, рамки и програми кои го спречуваат и се справуваат со феноменот на насилство во училиште и булинг во Кипар.*

## [4] Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) (Center for Intercultural Dialogue (CID)

CID center for intercultural dialogue

Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) е невладина, непрофитабилна организација предводена од млади, која од 2006 година работи на национално ниво во Северна Македонија. Нејзината мисија е да обезбеди одржлив развој на заедницата преку создавање можности за квалитетен ангажман на граѓанското општество, унапредуцање на можностите за учење, како и активно вклучување на млади луѓе и други граѓани.

*Како партнер во проектот SAFER, ЦИД ќе го користи своето искуство за да продолжи да работи на превенција на насилство во училиштата и булинг, преку промовирање на интеркултурно учење и поттикнување на инклузивно образование. Очекуваме дека преку проектот SAFER ќе успееме да ја подигнеме свеста за негативните импликации од булингот и говорот на омраза, и ќе ги едуцираме младите да бидатмултипликатори кои ќе ги промовираат човековите права и позитивните вредности како што се социјалниот и културниот диверзитет учениците.*





## [5] Здружение Родители (Association Roditeli)

Здружението «РОДИТЕЛИ» е основано пред 20 години со мисија да ги поттикне родителите да бидат најдобрите родители што би можеле да бидат, да ги поддржат во сите аспекти на родителството и да ги поддржат децата да станат најдобри возрасни луѓе што би можеле да станат. Главните цели на организацијата се развој и промовирање на идејата за позитивно родителство како главна вредност во општеството и семејството како природна средина за воспитување и едукација на деца.

***За здружението «Родители», проектот SAFER претставува можност да допрат до што повеќе деца и родители и поефикасно, проактивно и во поширок обем да се спречи булингот и булингот преку интернет. Одлична можност е да го споделиме нашето 10-годишно искуство и да ги подобриме нашите алатки преку размена со нашите партнери. Веруваме дека преку проектот SAFER ќе развиеме нови ефективни стратегии за да се поврзат и активно вклучат родителите и чинителите одговорни за развојот и спроведување на политики поврзани со правата на детето, безбедноста и благосостојба.***

## [6] Универзитетот во Алгарве (Universidade do Algarve (UAlg)

Универзитетот во Алгарве е португалска, јавна, високообразовна институција основана во 1979 година, која се наоѓа во најјужниот регион на Португалија, Алгарве.

Со повеќе од 8000 студенти регистрирани во 2019/20 година, основните активности на универзитетот во Алгарве се наставата и истражувањето во различни научни области: наука и технологија, менаџмент и економија, земјени и поморски науки, општествени науки, и од неодамна областа здравство.

***Улогата во проектот SAFER е да го води работниот пакет за евалуација на имплементацијата на проектот и да ја координира имплементацијата на анти-булинг пристапот WCSA во 4 португалски училишта. Очекуваме да можеме да придонесеме за вистинските напори за намалување на булингот, заедно со сегашниот напор во нашиот образовен систем, и да помогнеме да се спречи дискриминаторското однесување. Се надеваме дека ќе направиме разлика и во двете, превентивни и интервентни политики, кои ќе придонесат до намалување на булингот. Исто така, очекуваме да се подобри свесноста, ресурсите и резултатите за подобро, поеквивалентно и здраво училиште.***





## [7] Европска мрежа за борба против булинг (European Anti-Bullying Network)

European Antibullying Network

«Европска мрежа за борба против булинг» е активна мрежа составена од организации кои работат во и низ Европа за борба против феноменот булинг, сајбер булинг и училишно насилство со спојување на засегнатите страни кои работат на превенција и интервенција. Денес мрежата брои 21 организација- членка од 14 европски земји.

*'Проектот SAFER претставува можност за «Европската мрежа за борба против булинг» да биде дел од развојот на нова рамка за справување со феноменот, оној на «пристап кон училиштето и заедницата (WCSA)". «Европската мрежа за борба против булинг» очекува проектот да обезбеди важен и иновативен придонес во целокупниот дискурс, и ќе ги води напорите за одржување и широко распространување на "WSCA» пристапот низ Европа.*



## [8] Регионална дирекција за основно и средно образование во Крит (Regional Directorate of Primary and Secondary Education of Crete)

REGIONAL DIRECTORATE EDUCATION OF CRETE

Регионалната дирекција за основно и средно образованието во Крит (RDPSEC) е децентрализирана, административна јавна служба под Министерство за образование и верски прашања во Грција. Главната рамка на регионалната дирекција меѓу другото вклучува имплементација и координација на образовните политики на Министерството за образование, управување и координација на административното и образовното работење на училишните единици и другите образовни регионални структури, заедно со надзорот на имплементацијата на различни образовни проекти.

*Ангажирање на Регионалната дирекција за основно и средно образованието во Крит во европски проекти кои се бават со инклузија, толеранција и просоцијалност (IMMERSE HORIZON 2020 - ALICE Erasmus KA3) резултираше со стекнување значајно искуство и експертиза во областа како и имплементацијата на слични програми што го прави стратешки партнер за проектот SAFER.*